**20110370915**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 11 став 5 од Законот за странците („Службен весник на Република Македонија ”бр. 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009 и 156/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.3.2011 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВЛЕЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ДРЖАВЈАНИ НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ КОИ ПОСЕДУВААТ ЕДИНСТВЕНА ПОВЕЌЕКРАТНА ВИЗА Ц ВАЖЕЧКА ЗА СИТЕ ЗЕМЈИ ПОТПИСНИЧКИ НА ШЕНГЕНСКИОТ ДОГОВОР

Член 1

Со оваа одлука се овозможува влез во Република Македонија, без македонска виза, на државјани на трети земји кои поседуваат единствена повеќекратна виза Ц важечка за сите земји потписнички на Шенгенскиот договор, со рок на важност подолг од најмалку пет дена од планираниот престој во Република Македонија, ако ги исполнуваат условите од член 11 став 1 алинеите 1, 3, 4, 5 и 6 од Законот за странците.

Член 2

Државјаните на трети земји може да престојуваат во Република Македонија при секој влез на територијата на Република Македонија најмногу до 15 дена, при што вкупното траење на последователните престои во Република Македонија, не смее да биде подолго од три месеци во текот на секој шестмесечен период, сметајќи од денот на првото влегување.

Член 3

Одредбите од оваа одлука ќе важат до пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-966/1
8 март 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.